# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 244** | **9 октомври 2020, петок** | **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3181. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица | 2 |
| 3182. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование | 3 |
| | **Огласен дел** | 1-12 |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3181.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДЕЛ ОД ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 9 октомври 2020 година.

Бр. 08-3552/1
9 октомври 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДЕЛ ОД ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА

Член 1

Во Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 133/19 и 275/20), во член 3 во ставот (2) по зборовите: „член 6“ се додаваат зборовите: „ и член 9-а“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Враќањето на делот од данокот на додадена вредност пресметан на прометот на македонски добра и услуги се врши во висина од 20% од пресметаниот данок искажан во поединечна фискална сметка. Враќањето на делот од данокот на додадена вредност пресметан на прометот на останати добра и услуги се врши во висина од 10% од пресметаниот данок на додадена вредност искажан во поединечна фискална сметка.“.

Член 2

По членот 9 се додава нов член 9-а кој гласи:

„Член 9-а

(1) По исклучок од членот 3 ставови (1), (3), (4) и (5), член 6 став (2), член 8 и член 9 ставови (1) и (2) од овој закон за фискалните сметки кои се издадени на 10, 11 и 12 октомври 2020 година и кои ќе бидат пријавени преку апликативниот софтвер на Управата за јавни приходи, правото на враќање на данокот се однесува на целиот износ на данокот на додадена вредност искажан во фискалните сметки издадени согласно со прописите од областа на регистрирање на готовински плаќања и тоа за:

1. купени македонски добра (производи) или користени услуги,

2. машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици (компјутери) и софтвер за машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици (компјутери) од член 30 став (1) точка 10 и став (2) точка 2 од Законот за данокот на додадена вредност.

(2) Прометот на добрата и услугите од став (1) точка 2 на овој член во фискалната сметка издадена во периодот од ставот (1) на овој член се евидентираат како промет од македонски производи.

(3) Утврдениот данок за враќање за добрата и услугите од ставот (1) на овој член се врши за вкупно искажаниот данок во сите издадени фискални сметки од периодот од ставот (1) на овој член чиј вкупен збирен промет за добрата и услугите од ставот (1) на овој член на кој е пресметан данок на додадена вредност, не го надминува износот од 30.000 денари по лице.

(4) За фискалните сметки од ставот (1) на овој член враќањето на данокот ќе се врши согласно со ставовите (1) и (3) на овој член, а доколку е надминат износот на вкупен промет од ставот (3) на овој член враќањето на преостанатиот износ на данок содржан во преостанатиот вкупен промет ќе се врши согласно со членот 3 ставови (3) и (5) од овој закон.

(5) Враќањето на износот на данокот утврден согласно со ставот (3) на овој член, не ја намалува и не влијае на основицата за пресметување на данокот за враќање утврден согласно со членот 3 став (5) од овој закон.

(6) Износот на данокот на додадена вредност од фискалната сметка од ставот (1) на овој член за кој се остварува правото на враќање од ставот (3) на овој член не може да се користи за остварување на правото на враќање на данокот од членот 3 ставови (3) и (5) од овој закон.

(7) Пријавувањето на податоците од членот 6 став (1) од овој закон за фискалните сметки од ставот (1) на овој член заради остварување на правото на враќање на данокот согласно со ставот (3) на овој член може да се врши најдоцна во рок од три дена од датумот на издавање на фискалната сметка.

(8) По истекот на рокот од ставот (7) на овој член, за фискалните сметки кои се пријавени во рокот од членот 6 став (2) од овој закон правото на враќање на данокот се остварува согласно со членот 3 ставови (3) и (5) од овој закон.

(9) Враќањето на данокот од ставот (3) на овој член се врши на трансакциската сметка во рок од 15 дена по истекот на рокот од ставот (7) на овој член.

(10) Враќањето на данокот за периодот од ставот (1) на овој член се врши во висина на данокот утврден согласно со ставот (3) на овој член.“.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Уредбата со законска сила за примена на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 108/20 и 156/20).

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT TË KTHIMIT TË NJË PJESE TË TATIMIT MBI VLERËN E SHTUAR TË PERSONAVE FIZIKË

Neni 1

Në Ligjin e Kthimit të një Pjese të Tatimit mbi Vlerën e Shtuar të Personave Fizikë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 133/19 dhe 275/20), në nenin 3 paragrafi (2), pas fjalëve: "neni 6" shtohen fjalët: "dhe neni 9-a".

Paragrafi (3) ndryshon si vijon:

"Kthimi i një pjese të tatimit mbi vlerën e shtuar i përllogaritur në qarkullimin e mallrave dhe shërbimeve maqedonase bëhet në lartësi prej 20% nga tatimi i përllogaritur i shprehur në llogari fiskale të veçantë. Kthimi i një pjese të tatimit mbi vlerën e shtuar i përllogaritur në qarkullimin e mallrave dhe shërbimeve të tjera bëhet në lartësi prej 10% nga tatimi i përllogaritur mbi vlerën e shprehur në llogarinë fiskale të veçantë.”.

Neni 2

Pas nenit 9 shtohet nen i ri 9-a si vijon:

"Neni 9-a

(1) Me përjashtim të nenit 3 paragrafët (1), (3), (4) dhe (5), nenit 6 paragrafi (2), nenit 8 dhe nenit 9 paragrafët (1) dhe (2) të këtij ligji të llogarive fiskale që janë dhënë më 10, 11 dhe 12 tetor të vitit 2020 dhe që do të paraqiten nëpërmjet softuerit aplikativ të Drejtorisë së të Hyrave Publike, e drejta e kthimit të tatimit ka të bëjë me shumën e plotë të tatimit mbi vlerën e shtuar të shprehur në llogaritë fiskale të dhëna në pajtim me rregullat e sferës së regjistrimit të pagesave me para në dorë siç vijon:

1. mallra (prodhime) të blera maqedonase ose shërbime të shfrytëzuara,

2. makina të përpunimit automatik të të dhënave dhe njësive të tyre (kompjuterë) dhe softuer për makina të përpunimit automatik të të dhënave dhe njësive të tyre (kompjuterë) nga neni 30 paragrafi (1) pika 10 dhe paragrafi (2) pika 2 të Ligjit të Tatimit mbi Vlerën e Shtuar.

(2) Qarkullimi i mallrave dhe shërbimeve sipas paragrafit (1) pika 2 të këtij neni, në llogarinë fiskale të dhënë në periudhën sipas paragrafit (1) të këtij neni, evidentohen si qarkullim i prodhimeve maqedonase.

(3) Tatimi i përcaktuar për kthim për mallrat dhe shërbimet sipas paragrafit (1) të këtij neni bëhet për tatimin e përgjithshëm të shprehur në të gjitha llogaritë e dhëna fiskale sipas periudhës nga paragrafit (1) i këtij neni, qarkullimit të përmbledhur të përgjithshëm të të cilit, për të mirat dhe shërbimet sipas paragrafit (1) të këtij neni, i është llogaritur tatim mbi vlerën e shtuar që nuk e tejkalon shumën prej 30.000 denarë për person.

(4) Për llogaritë fiskale sipas paragrafit (1) të këtij neni, kthimi i tatimit do të bëhet në pajtim me paragrafët (1) dhe (3) të këtij neni, ndërkaq nëse është tejkaluar shuma e qarkullimit të përgjithshëm sipas paragrafit (3) të këtij neni, kthimi i shumës së mbetur i tatimit të shprehur në qarkullimin e përgjithshëm të mbetur do të bëhet në pajtim me nenin 3 paragrafët (3) dhe (5) të këtij ligji.

(5) Kthimi i shumës së tatimit të përcaktuar në pajtim me paragrafin (3) të këtij neni, nuk e zvogëlon dhe nuk ndikon në bazën e llogaritjes së tatimit për kthimin e përcaktuar në pajtim me nenin 3 paragrafi (5) të këtij ligji.

(6) Shuma e tatimit mbi vlerën e shtuar të llogarisë fiskale sipas paragrafit (1) të këtij neni, për të cilën realizohet e drejta e kthimit sipas paragrafit (3) të këtij neni, nuk mund të shfrytëzohet për realizimin e të drejtës së kthimit të tatimit sipas nenit 3 paragrafët (3) dhe (5) të këtij ligji.

(7) Paraqitja e të dhënave sipas nenit 6 paragrafi (1) të këtij ligji të llogarive fiskale sipas paragrafi (1) të këtij neni, për shkak të realizimit të së drejtës së kthimit të tatimit në pajtim me paragrafin (3) të këtij neni, mund të bëhet më së voni në afat prej 3 ditësh nga data e dhënies së llogarisë fiskale.

(8) Pas përfundimit të afatit sipas paragrafit (7) të këtij neni, për llogaritë fiskale të cilët janë paraqitur në afatin sipas nenit 6 paragrafi (2) të këtij ligji, e drejta e kthimit të tatimit realizohet në pajtim me nenin 3 paragrafët (3) dhe (5) të këtij ligji.

(9) Kthimi i tatimit sipas paragrafit (3) të këtij neni bëhet në llogarinë e transaksionit në afat prej 15 ditësh pas përfundimit të afatit sipas paragrafit (7) të këtij neni.

(10) Kthimi i tatimit për periudhën sipas paragrafit (1) të këtij neni bëhet në lartësi të tatimit të përcaktuar në pajtim me paragrafin (3) të këtij neni.".

Neni 3

Me ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji shfuqizohet Urdhëresa me Fuqi Ligjore e Zbatimit të Ligjit të Kthimit të një Pjese të Tatimit mbi Vlerën e Shtuar të Personave Fizikë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 108/20 dhe 156/20).

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi ditën e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

**3182.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА НАСТАВЕН КАДАР ВО ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ, ОСНОВНОТО И СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 9 октомври 2020 година.

Бр. 08-3553/1
9 октомври 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА НАСТАВЕН КАДАР ВО ПРЕДУЧИЛИШНОТО ВОСПИТАНИЕ, ОСНОВНОТО И СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Член 1

Во Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование („Службен весник на Република Македонија“ број 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 55/16 и 127/16), во членот 1, член 9 во ставот (3) и член 10 во ставот (3), зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 2

Во член 15 во ставот (1) зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“, а зборовите: „Владата на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Владата на Република Северна Македонија“.

Член 3

Во член 16 во ставовите (1) и (2) зборовите: „Владата на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Владата на Република Северна Македонија“.

Во ставот (3) зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Ставот (8) се брише.

Ставот (9) станува став (8).

Член 4

Во членот 20 по зборот „студиите“ запирката се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 5

Одредбите од членовите 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 19, 21 и 22 од Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование („Службен весник на Република Македонија" број 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 55/16 и 127/16), нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон, до академската 2022/2023 година.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR INSTITUCIONET E ARSIMIT TË LARTË PËR ARSIM TË KUADRIT MËSIMOR NË EDUKIMIN PARASHKOLLOR, ARSIMIN FILLOR DHE ATË TË MESËM**

Neni 1

Në Ligjin për institucionet e arsimit të lartë për arsim të kuadrit mësimor në edukimin parashkollor, arsimin fillor dhe atë të mesëm ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 55/16 dhe 127/16), në nenin 1, nenin 9, paragrafi (3) dhe në nenin 10, paragrafi (3), fjalët: "Republika e Maqedonisë" zëvendësohen me fjalët: "Republika e Maqedonisë së Veriut".

Neni 2

Në nenin 15, paragrafi (1), fjalët: "Republika e Maqedonisë" zëvendësohen me fjalët: "Republika e Maqedonisë së Veriut", ndërsa fjalët: "Qeveria e Republikës së Maqedonisë" zëvendësohen me fjalët: "Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut".

Neni 3

Në nenin 16, paragrafët (1) dhe (2), fjalët: "Qeveria e Republikës së Maqedonisë" zëvendësohen me fjalët: "Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut".

Në paragrafin (3), fjalët: "Republika e Maqedonisë" zëvendësohen me fjalët: "Republika e Maqedonisë së Veriut".

Paragrafi (8) shlyhet.

Paragrafi (9) bëhet paragrafi (8).

Neni 4

Në nenin 20, pas fjalës "studimet", presja zëvendësohet me pikë, ndërsa fjalët tjera deri në fund të fjalisë - shlyhen.

Neni 5

Dispozitat nga nenet 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 19, 21 dhe 22 të Ligjit për institucionet e arsimit të lartë për arsim të kuadrit mësimor në edukimin parashkollor, arsimin fillor dhe atë të mesëm ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 55/16 dhe 127/16), nuk do të zbatohen nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji, deri në vitin akademik 2022/2023.

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi ditën e publikimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. Партизански одреди бр. 29, Поштенски фах 51
в. д. директор и одговорен уредник – Татјана Лалчевска
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница НАПРЕДОК ДООЕЛ Тетово.

ISSN 0354-1622
2020244